На 22.12.2009 г. МЗТИЛ Битола, Демир Хисар и Ресен потпиша договор за грант Grant Contract – European Union External Actions – EIDHR/2009/216-825 со Делегацијата на Европската унија за реализација на проект за промовирање на ратификацијата и имплементацијата на Конвенцијата на ОН за лицата со инвалидност. Овој проект е одобрен и избран за финансирање од Делегацијата на Европска унија и на МЗТИЛ Битола, Демир Хисар и Ресен, во партнерство со Гаус Институтот од Битола им беа доделени средства за реализација на овој проект.

Традиционалното годишно Дефиле на лицата со инвалидност во Битола оваа година беше организирано во рамките на проектот „Промоција на ратификацијата и имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност„ како знак за промовирање на ратификацијата и имплементацијата на Конвенцијата во нашата земја. Оваа година овој настан е проширен на национално ниво заедно со Националниот Сојуз на телесно инвалидизираните лица на Македонија и Националниот Совет на Инвалидските организации на Македонија. Овој ден беше инициран процес на потпишување Петиција упатена кон Претседателот, собранието, министрите и сите релевантни државни органи за ратификацијата на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност. Ова дефиле претставува врв на досегашните активности во рамките на проектот.

Активноста под реден број 7 во договорот за грант е организирањето на дефилето во Битола.

Активностите поврзани со овој настан беа започнати со испраќање покани до сите релевантни државни органи, други невладини организации низ земјава и воопшто повик до јавноста за учество. Беа пратени покани до Претседателот, Премиерот, сите министри, сите пратеници на Собранието, сите организации на лица со инвалидност во Македонија, вклучувајќи организации на лица со оштетен вид, со оштетен слух итн. и други невладини организации од различни сфери.

Одржувањето на конференцијата за медиумите беше непосредно пред Дефилето. На 08.10.2010 г. се организира конференција за медиумите во хотел „Епинал“ на која присуствуваа голем број од медиумите и беа запознаени со целите на проектот. На конференцијата беше искажан голем интерес како за Здружението, така и за Сојузот, а најповеќе за проектот кој е прв од овој вид кој се реализира од членовите на Здружението на лица со телесна инвалидност. Истиот опфаќа многу суштинска проблематика од целокупното живеење на лицата со инвалидност.

Следниот ден, на 09.10.2010 г. започна и самата реализација на дефилето. Благодарение на градоначалникот на Општина Битола, г-нот Владимир Талески, беше обезбедена бина и озвучување со што беа задоволени потребите за одржување на овој настан.

Учесниците на настанот, членови на инвалидски организации ширум земјава, започнаа да доаѓаат пред договорениот почеток на настанот во 11 ч. Од очекуваните 500 учесници од овие организации значителен број пристигнаа со организираниот превоз или пак со сопствено возило што во некои случаи е неизбежно земајќи предвид дека станува збор за лица со одредена инвалидност.

Покрај лицата со инвалиднсот значаен елемент на овој настан беше и присуството на НЕ Амбасадорот Ерван Фуере кој искрено ја поддржа иницијативата на имплементаторите на овој проект (МЗТИЛ Битола, Демир Хисар и Ресен и Гаус Институтот од Битола.) за организирање на ваков настан. НЕ Амбасадорот Ерван Фуере, истакна дека ова дефиле претставува силна порака која се испраќа до надлежните институции за побрзо ратификување на Конвенцијата која ќе помогне на лицата со инвалидност да се чувствуваат рамноправни и недискриминирани. „Оваа манифестација на здруженијата од сите градови ја покажува нивната храброст и одлучност да се направи нешто и да се донесе закон со кој ќе се уредат нивните права„ истакна ЕУ Амбасадорот Ерван Фуере. (Битолски Весник, стр.4, 13/10/2010)

Текот на настаните на дефилето е по следнава програма:

11:00 Пристигнување на учесниците
11:30 Отворање на дефилето - воведен збор на Прим. Д-р Нико Јанков, Претседател на Меѓуопштинското здружение
на телесно инвалидизирани лица – Битола, Демир Хисар и Ресен.
Поздравни говори:

- Г-дин Владимир Талески, Градоначалник на Општина Битола.
- НЕ Амбасадорот Ерван Фуере, Специјален претставник на Европската Унија и шеф на Делегацијата на Европската Унија.
- Г-дин Миодраг Игњатовиќ, Претседател на Националниот сојуз на телесно инвалидизираните лица.

12:15 Дефиле по Широк Сокак, од плоштадот „Магнолија“ до Спортската сала „Младост“

Претседателот на МЗТИЛ ја отвори манифестацијата со кус пригоден говор. На говорот претходеше поздравување на присутните, меѓу кои: Градоначалникот на Битола, г-динот Владимир Талески, Неговата Екселенција Амбасадорот Ерван Фуере, Специјален претставник на Европската Унија и шеф на делегацијата на Европската Унија во Р. Македонија, битолските пратеници во Собранието на Р. Македонија, почесните конзули, многубројни невладини организации, претставници од Сојузите на слепите и глувите, претставници од Националниот Совет на инвалидски организации (НСИОМ), членови од седумнаесетте Здруженија на телесно инвалидизираните лица и се разбира сограѓаните и сите будно следени од медиумите.

После воведниот говор беа прочитани поздравните телеграми од Претседателот на Р. Македонија, г-динот Ѓорѓе Иванов и Министерот за култура г-ѓата Елизабета Канчевска – Милевска. После тоа организаторот ги покани Градоначалникот г-дин Владимир Талески, НЕ Амбасадорот Ерван Фуере и Претседателот на НСИОМ, г-динот Бранимир Јовановски да го поздрават собирот.

После тоа следуваше прошетката низ Широк Сокак до Спортската сала “Младост“ и тука се дадоа изјави за медиумите. Овде практично завршија активностите со Дефилето и се пристапи кон организирано одење на сите гости на ручек во ресторанот “Фоната Бе-Ни“ во с. Бистрица. Овде организаторот уште еднаш се заблагодари за присуството и активното учество на Дефилето.

Следни активности во рамките на проектот за ратификација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност е организирање на тркалезна маса во Скопје каде

што ќе се дискутира со министри и пратеници за следните чекори за ратификување и имплементирање на Конвенцијата во Македонија и на крајот завршната конференција.

Една од клучните цели на овој проект е ратификација на Конвенцијата и започнување со имплементација во текот на реализацијата на овој проект.